**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,12 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата зошто треба да започнеме со работа.

Ги повикувам уште еднаш пратениците кои се во Собранието, а не се влезени во салата да влезат за да започнеме со работа.

Ги повикувам службите да достават точен број на пратеници, ви се молам.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 101-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Владимир Ѓорчев, Лилјана Поповска, Бесим Догани, Љубчо Георгиевски, Фијат Цаноско, Есад Рахиќ, Павле Трајанов, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Виолета Ташева, Гоце Марковски, Арбен Џафери, Мендух Тачи и Али Ахмети ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

(Повеќе пратеници од ВМРО-ДПМНЕ излегуваат од салата, по што уследија многу гласни реакции од пратениците на опозицијата).

Ве молам, тишина.

Ве молам, тишина во салата.

(Реакции)

Ве молам да дозволите седницата да продолжи.

Процедурално, повелете господине Александар Николоски.

(Реакција од пратениците на СДСМ со зборовите: “Не е почната седницата”).

**Александар Николоски:** Благодарам претседателе.

Би сакал да има разбирање и од колегите.

(Реакција од пратеникот Јани Макрадули).

**Љубиша Георгиевски:** Јас реков ја отворам седницата.

**Александар Николоски:** Би сакал да има разбирање и од колегите.

(Реакции од пратениците од опозицијата).

Би сакал да има разбирање од колегите, ни требаат 15 минути за дополнителни консултации на пратеничката група и затоа би сакале да побараме пауза од 15 минути за да се консултираме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Имате право, 15 минути пауза.

(Реакции во салата).

Се е отворено, се е регуларно.

(Пауза од 11,18 до 11,148 часот).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Процедурално Жерновски?

Барате процедурално? (Да)

Исто така и Роза Топузова Каревска? (Да)

Тогаш прв е Андреј Жерновкси, а после Насер Ајдини.

Повелете господине Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Би сакал да го искористам, почитуван претседателе, овој период да ги повикам колегите од ВМРО-ДПМНЕ да се вразумат.

(Реакција од пратениците со зборовите: “По кој член?”)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, немојте да упаѓате од место.

Повелете господине Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Колеги од ВМРО-ДПМНЕ, јас би ве повикал да се вразумите, да го прекинете овој циркус, циркус кој што до сега е невиден во плурализмот и во повеќепартискиот систем на Република Македонија кога најголемата политичка партија бега од салата...

**Љубиша Георгиевски:** Тишина, ве молам, тишина.

**Андреј Жерновски:** ... најголемата политичка партија, партијата која штоја добила власта и довербата од народот да бега од салата за да нема кворум за работа.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Жерновски, бидјеки процедурално говорите, бидете љубезен мене обраќајте ми се, можете за нив да говорите, ама преку мене, ајде.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, би ве замолил вас да ги повикате своите колеги од ВМРО-ДПМНЕ да не ја блокираат работата на Собранието само за да не додје точката на дневен ред, таканаречениот закон за стечајци.

Би ве замолил да ги повикате своите колеги од ВМРО-ДПМНЕ да кажат имаат намера да го пдоржат законот или немаат намера да го подржат законот и со тоа да ја спречат, прво, агонијата на работниците односно на стечајците надвор и второ, да ја прекинат агонијата во која се наоѓаат вашите колеги од ВМРО-ДПМНЕ.

Ова го кажувамнајколегијално, затоа што ова што го правите не ви доликува, не доликува на Собранието на Република Македонија, длабоко сум убеден дека оди на ваша штета. Кажете сега, нека излезе сега на координаторот на ВМРО-ДПМНЕ или претседателе кажете ...

**Љубиша Георгиевски:** Не можам јас, се извинувам.

**Андреј Жерновски:** ... имате намера или немате намера да го подржите овој закон, бидејки ова што го правите е навистина далеку од умот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Насер Ајдини, повелете.

Тишина ве молам. Не можам да комуницирам со луѓето, тишина ве молам, не слушаат.

**Насер Ајдини:** Благодарам господине претседател.

Почитувани пратеници,

Во име на парламентарната група на ДПА, бидјеки имаме потреба од дополнителни консултации барам еден час пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам .

Според Деловникот, имате право на еден час прекин.

Имаме прекин од еден час по барање на ДПА.

(Пауза од 11,52 до 12,52 часот).

Ги повикувам пратениците кои не се влезени во салата да влезат во салата, ќе продолжиме со седницата.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и по барање на стечајците,нивните претставители се горе на Галеријата.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред? (Нема)

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувма да гласаме.

Гласале 96 пратеника, за гласале 42, воздржано 2, против 52.

Констатирам дека не е усвоен предложениот дневен ред.

(Бурна реакција од пратениците на опозицијата).

Бидејки дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 101-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,59 часот)